Уп. бр.08-92

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со адреса на улица Таковска 2, Белград, Република Србија, преку овластеното лице Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.08.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со адреса на улица Таковска 2, Белград, Република Србија, стекнува контрола над имотот на OK SKAY Претпријатие за проектирање, производство, промет и услуги ДОО Белград со адреса на улица Бранка Момирова 12, Белград, Република Србија, по пат на купување на телекомуникациска опрема со приклучоци, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 02.06.2022 година, а дополнето на 21.06.2022 година и на 19.07.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со адреса на улица Таковска 2, Белград, Република Србија, со која Телеком Србија АД Белград, Република Србија (во понатамошниот текст: Телеком Србија) стекнува контрола над имотот на OK SKAY Претпријатие за проектирање, производство, промет и услуги ДОО Белград со адреса на улица Бранка Момирова 12, Белград, Република Србија,(во понатамошниот текст: OK SKAY) по пат на купување на телекомуникациска опрема со приклучоци.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Телеком Србија, е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и нуди услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги.

Телеком Србија има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија:

- МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на улица Максим Горки бр. 11/1-кат 3, Скопје, Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичени телекомуникации, односно за давање сателитски услуги и реемитирање телевизиски програми и сервиси.

OK SKAY е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и давател интернет услуги.

OK SKAY нема поврзани лица во Република Северна Македонија и нема никакви деловни активности.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**